

## Стампедо пред паѓање од власт

[ВЕЧЕР ДОЗНАВА: Корупција од 12,7 милиони евра при НАБАВКА НА ПАСОШИ]

Откако на 20 октомври, по лидерската средба кај претседателот Пендаровски, се договорија вонредни парламентарни избори започнува стампедо од корупција, тендери, договори во четири очи без тендери, зголемување на износи кои се претходно веќе договорени на тендер... во владата на Зоран Заев.

Вакви има повеќе од педесеттина на разлини нивоа од власта, сетете се како во октомври е избрана фирма ХЕМС која ќе заработи 72 милиони евра државни пари бидејќи ќе дава услуга со два хеликоптери, основана 24 дена пред тендерот со капитал на фирмата од 10.000 евра која заработува 72 милиони евра. Порталот Вечер веќе објави како, надвор од закон, се зголемил износот од 28 на 35 милиони евра за градба на Клиничката болница во Штип и дополнително се поместил рокот за завршување за две години. Еве нов случај, овојпат во МВР за набавка на нови пасоши и други лични документи. Образецот за манипулација е речиси ист како и во случајот со Клиничка болница Штип, а износите се уште погоеми.

Порталот Вечер ја има документацијата од оваа постапка, не е класифицирана како тајна, и ја има приказната како се незаконски отуѓени скоро 20 милиони евра од буџетот.

МВР во мај 2019 година донеле одлука за Јавна набавка – обрасци за лични докумнети, пасоши и слично, за период до 31.12.2019 година. Сомнително е уште од почеток, на Одлуката нема конкретен датум туку наведено е само мај 2019, полето за ден на одлука

е празно како што е празно и полето за деловоден број и не е јасно како е воопшто овој документ заведен во архивата на МВР.


Министерство за внатрешни работи
ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ
Бр.18.1-
Датум: _____.06.2019 год.

аконот за јавните набавки ("Службен весник на РСМ" бр.24/19) и член 52 од За
на органите на државната управа („Службен весник на РСМ„ бр.58/2000, 44/
11), а по овластување на Министерот за внатрешни работи, број 13.1.2-1590
за внатрешни работи , Помошник на Министерот, Живко Темелкоски, донесе:

ОДЛУКА
за јавна набавка

Нацрт-записникот од Сто и дваесетата седница на Влада на РСМ, бр.45-130
истерството за внатрешни работи се задолжува да склучи нова рамковна сп
иод од две години, измената на Планот за јавни набавки на МВР за 2019 год
дина, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на
онот за јавни набавки.

ката и количини
ка на обрасци за лични документи (патни исправи, лични карти,
дипломатски пасош, пасош за странец, дозвола за привремен престој,
риод до 31.12.2019 година, согласно важечките прописи за наведените
на барањето за издавање на лична карта, образецот на потврдата за по

Наредниот месец, во јуни 2019 донесена е повторно истата одлука без да се наведе дека претходната од мај е поништена. Во оваа има деловоден број но, повторно нема наведено ден во полето за датум. Следното што упатува на незаконска и манипулативна работа е што во Одлуката која е веќе донесена во Точка 2.2.3 од Одлуката се оставени празни места за тоа од кој до кој сериски број службени и дипломатски пасоши треба да се изработат што дава јасен сигнал дека се планираат манипулации со издавањето на службените и дипломатски пасоши. Ова се потврдува и со тоа што во оваа Одлука за јавна набавка, Точка 2.3. нема наведено број и датум на известување од Министерството за надворешни работи, како што е тоа наведено за известувањата од други надлежни институции. Според содржината, такво известување нема, и одлуката е само со овие два пропусти спорна. Но, не е само тоа.

Во Точка 3.1. од оваа Одлука решено е за таа цел да се издвојат 435.502.410,оо денари плус ДДВ. Ова одговара на износ од 7 милиони евра плус ДДВ за домашни фирми. Одлучено е да се побара понуда од Veridos GMBH, од Минхен. Тоа е правен наследник на нам добро познатата Giescke & Devrient GmBH кои се претходни снабдувачи со пасоши со одлука на претходната влада на СДСМ (2002-2006) и за кои, во 2005-та со месеци се пишуваше за скандал и корупција при тогашната јавна набавка и проневерени 5 милиони евра.

За реализација на одлуката формирана е комисија од 7 члена предводена од Љубица Гудеска и 7 заменици на членовите од комисијата. Но, по се изгледа дека имало проблеми со донесување и спроведување на оваа Одлука за јавна набавка во МВР уште

тогаш, па се менуваат 5 члена од вкупно 7 во Комисијата за оваа јавна набавка а од првично формираната комисија остануваат само претседателката на комисијата Љубица Гудеска и Игор Трајковски, а се менуваат и 4 од вкупно 7 заменици на членови на комисијата. Севкупно, сменети се 9 од 14 членови и заменици и, формално, сега има сосема нова комисија, стокмена по избор на шефовите од МВР, која треба да спроведе Одлука донесена од комисија во сосема друг состав. Оваа нова комисија, на 2 октомври 2019, е дефинирана со одлука за измена на Одлуката за јавни набавки на пасоши и слични лични документи.

Членовите на комисијата се сменети откако е истечен рокот за понуда по тендерот и, наместо истиот да се поништи, се продолжува со постапката со измени на поголем дел од комисијата за јавната набавка. И, тука почнува стампедото на корупцијата.

На 4 декември, откако се веќе извршени разговори со германскиот изработувач на пасошите, кој е ЕДИНСТВЕН ПОНУДУВАЧ, помошник министерот потпишува Одлука за измени од претходната Одлука за јавната набавка која сега се зголемува за околу 12 милиони евра нови пари. Не се веќе 7 туку се 19,5 милиони евра за плаќање за пасошите. Толку побарале од Veridos GMBH, толку и ќе добијат. Со други понудувачи воопшто не се ни разговарало, а со леснотија се доддаени нови 12,5 милиони евра на претходните 7 за иста набавка, или цената на тендерот е зголемена за околу 170%! Â Â Â


Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи

Рег. бр.18.1 - [redacted]

Дата 06-12-2019 година

ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА ПОСТАПКА[1]

рен орган (назив и адреса): Министерство за внатрешни работи на Република Северн
ја
ен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН): Покана бр.18.1-46385/1 од 10.06.2019 година
т на јавна набавка:
Набавка и испорака на обрасци за лични документи (патни исправи, лични карти, возачк
службен пасош, дипломатски пасош, пасош за странец, дозвола за привремен престо
постојан престој) за период до 31.12.2019 година, согласно важечките прописи за наведени
акон за лична карта (Сл.весник на РСМ бр.8/95, 38/02, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11, 13/1
15 и 55/16) и Правилникот за образецот на барањето за издавање на лична карта, образецот

На 6 декември 2019 МВР носи одлука за Извештај од спроведената постапка за наведената јавна набавка. Обрнете внимание на датумот 06 декември 2019, денот кога помошник министер во МВР носи одлука за избор на Veridos GMBH од Минхен за ипорачател на пасошите и други сродни документи, патем тие се единствена фирма со која се преговарало иако имало одлука да се преговара со повеќе понудувачи. Иако за оваа постапка постои 7-члена комисија, тие не се потпишани под Извештајот и одлуката за предложен изведувач на тендерот, германската Veridos GMBH, ниту се спомнуваат во

текстот туку одлуката е донесена и потпишана само од помошник министер во МВР.

На истиот датум, 6 декември 2019, и формално помошник министерот во МВР потпишува Одлука за избор на најповолна понуда (од само еден понудувач). Се прифаќа неговата цена од 19,7 милиони евра! плус ДДВ (Точка 3 од Одлуката). Меѓусебните права и обврски, според оваа Одлука, ќе се уредат со соодветен Рамковен договор.

Но, работата е веќе завршена и договорена и ПРЕД одлуката за избор на изведувач на тендерот. Рамковната спогодба е завршена порано, потпишана со 14 члена во Договорт, и заведена во МВР на 05.12.2019 година! Договорени се дури и деталите, како тоа (Член 7) дека се плаќа 20% аванс во рок од 30 дена по потпишување на ПОЕДИНЕЧЕН договор.



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр. Nr.
05-12-2019 год./vit.
Скопје - Shkup

РАМКОВНА СПОГОДБА

*ДОГОВОРНИ СТРАНИ*

1. Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Оддел за општи и заеднички работи, тел 02/314-3304, факс 02/314-3342, застапувано по овластување од Министерот од Помошник на министерот, Живко Темелкоски, (во понатамошниот текст "Договорен орган") од една страна,

и

"Veridos GmBH" , адреса: Oranien strasse, 91, 10969 Berlin - Германија , тел +498941197172, ЕДБ: 9143/306/40066, ЕМБС: HRB 155795B, претставувано од овластено лице Labinot Carreti, email: labinot.carreti@veridos.com, (во понатамошниот текст – носител на набавката ) од друга страна

ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

1. Предмет на оваа рамковна спогодба е Набавка на стоки и тоа:

1.1 Набавка и испорака на обрасци за лични документи (патни исправи, лични карти, возачки дозволи, службен пасош, дипломатски пасош, пасош за странец, дозвола за привремен

Согласно законот, прво треба да се поднесе Извештај од комисијата за јавната набавка, а дури потоа евентуално следи Одлука и финален договор за релаизација на набавката. Освен ова, според наши сознанија, деновиве се платени 4 милиони евра кон Veridos GMBH иако треба да се плати само 20% (пресметале на целата сума од 19,7 милиони евра) од поединечна нарачка бидејќи е склучен рамковен договор, етапна испорака, а не договор на цела испорака одеднаш. Што ако Veridos GMBH не испорача или задоцни со се што е договорено со рамковниот договор, која ќе ги врати парите назад?

Најпосле, вредноста на обрасците кои се нарачуваат е 8 милиони, од вкупно договорените 19,7 милиони евра па со плаќањето авансно на 4 милиони евра прекршен е законот, платени се 50% од набавката наместо дозволените 20%...

Приказната за оваа нова страница на корупцијата ќе продолжи. Во меѓувреме, јавноста има интерес и за деталите околу набавка за нови пиштоли во МВР во вредност од 2 милиони евра, како и 3 милиони евра потрошени за униформи на полициските специјалци остварени исто така во стампедото на коруптивни набавки по договорот за вонредни избори, од октомври до Нова година.

https://vecer.mk/node/